„Активација на ранливи групи на пазарот на трудот" е Проект финансиран од страна на Европската Унија. Целта на овој ИПА Проект е ефективно вклучување на ранливите лица и примателите на социјална помош на пазарот на трудот и постигнување на најдобрите можни социјални исходи за нив преку нудење на квалитетни персонализирани услуги и развој на вештини. Проектот ги поддржува следниве активни мерки на пазарот на трудот: Програма за психо-социјална поддршка и за менторска поддршка; Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот; Обуки на работно место и Субвенционирано вработување. Официјален јазик на Проектот ќе биде англискиот јазик.

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 5 од Законот за вработените во јавен сектор и Договорот за ИПА Проектот каде се дефинирани работните позиции, критериумите за избор и обезбедените финансиски средства, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за работа на Проект на определено време во траење од 36 месеци, со полно работно време**

I. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија има потреба од засновање на работен однос со вкупно 6 (шест) извршители во проектната единица за имплементација на ИПА и други проекти финансирани од странска помош, на определено работно време во траење од 36 месеци, за следните работни места:

1. **ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР - 1 (еден) извршител**

Проектниот координатор ќе биде одговорен за секојдневно менаџирање, спроведување на проектните активности и менаџирање на проектниот тим; олеснување на протокот на информации кон надвор и во рамките на проектниот тим, како и решавање на проблемите кои можат да се појават во текот на спроведувањето на Проектот; разгледување и обезбедување на правилно спроведување на Оперативните упатства на Проектот; проверка и обезбедување на правилно спроведување на набавките, согласно договорните обврски; следење на спроведувањето на Проектот и напредокот, во согласност со планираните активности

во Договорот за грант; известување/информирање на договорниот орган за било какви одложувања или настан кој може да влијае на спроведувањето на проектот; обезбедување плаќањата да се реализираат навремено и на соодветен начин; обезбедување точни извештаи, набавки, финансиско управување и евиденција, ревизорска и архивска трага; обезбедување правилна имплементација на видливоста и на планот за комуникација; изготвување на консолидирани квартални, периодични и завршни извештаи; изготвување и обезбедување на правилна имплементација на планот за работа и планот за мониторинг на работата/планот за контрола на квалитетот; проверка и одобрување на целокупната интерна проектна документација (наративен и финансиски извештај, извештаи на комисиите за селекција/евалуација, договори и спогодби, и сл.) пред да бидат доставени до договорниот орган, обезбедувајќи поддршка на проектниот тим, соработка со вработените и раководството во АВРСМ.

Нето платата за работното место изнесува 31.344 денари.

2. **КООРДИНАТОР НА ПРОГРАМА ЗА СОВЕТУВАЊЕ И МОТИВАЦИЈА - 1 (еден) извршител**

Координаторот ќе извршува секојдневни активности во рамките на програмата, под водство на Проектниот координатор и Раководителот на Одделението за Европски интеграции и проекти во АВРСМ; изготвува план за работа и мониторинг на активностите и е одговорен за нивно навремено извршување, во согласност со проектниот договор; изготвува нацрт-оперативни упатства на Проектот; обезбедува поддршка, помош и координација на психолозите и менторите вклучени во Програмата; помага на Службеникот за набавки во подготовката на Планот за јавни набавки; врши редовни проверки/мониторинг на квалитетот на активностите; изготвува извештаи за Програмата и обезбедува информации за изготвување на квартални, периодични и финални извештаи; собира релевантни податоци; ажурира проектни информации/податоци во проектната база на податоци; придонесува во подготовката на материјалите за видливост, извештаите, упатствата и архивирањето, итн.

Нето платата за работното место изнесува 31.344 денари.

3. КООРДИНАТОР НА ПРОГРАМА ЗА ВРАБОТЛИВОСТ - 1 (еден) **извршител**

Координаторот ќе извршува секојдневни активности во рамките на програмата, под водство на Проектниот координатор и Раководителот на Одделението за Европски интеграции и проекти во АВРСМ; изготвува план за работа и мониторинг на активностите и е одговорен за нивно навремено извршување, во согласност со проектниот договор; изготвува нацрт-оперативни упатства на Проектот; обезбедува поддршка, помош и координација на работодавачите и на спроведувачите на обуки кои ќе бидат вклучени во Програмата; помага на Службеникот за набавки во подготовката на Планот за набавки; врши редовни проверки/мониторинг на квалитетот на активностите; изготвува извештаи за Програмата и обезбедува информации за изготвување на квартални, периодични и финални извештаи; собира релевантни податоци; ажурира проектни информации/ податоци во проектната база на податоци; придонесува во подготовката на материјалите за видливост, извештаите, упатствата и архивирањето, итн.

Нето платата за работното место износува 31.344 денари.

4. СЛУЖБЕНИК ЗА НАБАВКИ - 1 (еден) **извршител**

Службеникот за набавки ќе изготви План за набавки во согласност со договорните обврски и планот за работа; го изготвува делот од оперативните упатства на Проектот кој се однесува на набавките; подготвува тендерски досиеја, го спроведува процесот на набавки и го организира процесот на евалуација; подготвува нацрт-договори; одржува и обезбедува правилна архива и ревизорска трага за набавките; дава поддршка за сите проектни активности; обезбедува поддршка и соработува со проектниот тим, итн.

Нето платата за работното место износува 31.344 денари.

5. СМЕТКОВОДИТЕЛ - 1 (еден) **извршител**

Сметководителот ќе биде одговорен за сите аспекти на сметководството и плаќањата од Договорот за грант; обезбедува сите трансакции од Договорот да се евидентирани со финансиски потврди; ги подготвува и доставува на проверка и одобрување до Проектниот менаџер сите финансиски извештаи, чува и обезбедува

правилни сметководствени евиденции, финансиски потврди, буџети, финансиски проекции, проекции за паричните трошоци и сите други извештаи побарувани од страна на договорниот орган; ќе има блиска соработка со Службеникот за набавки за да обезбеди дека сите аспекти на сметководството, набавките и плаќањата се правилно поврзани; обезбедува плаќањата да се правилни и навремени, сите извори на финансирање да се на располагање за потребите на Проектот и системот за следење на плаќањата од Договорот да биде функционелен; контролира влезни фактури и подготвува документи за исплата; архивира финансиски документи на проектот; обезбедува поддршка и соработува со проектниот тим итн.

Нето платата за работното место износува 31.344 денари.

6. **СЛУЖБЕНИК ЗА МОНИТОРИНГ - 1 (еден) извршител**

Службеникот за мониторинг ќе извршува секојдневни технички и административни активности за имплементација на Проектот под водство на Координаторот на проектот и Раководителот на Одделението за Европски интеграции и проекти во АВРСМ; спроведува редовни проверки на квалитетот/мониторинг на активностите во просториите на работодавачите и спроведувачите на обуки, преку следење на имплементацијата на поддоговорите, извештаите и пропратните документи; обезбедува информации за изготвување на месечни известувања, квартални, периодични и финални извештаи; ажурира проектни информации/податоци во базата на податоци за директниот грант; ги следи остварените вредности на резултатите и дали имплементацијата на Проектот е во вистинска насока; следи, собира податоци и информации и известува по индикаторите. Службеникот за мониторинг ќе биде вклучен и во планирањето на евалуацијата (периодични прегледи и финална евалуација) и ќе го следи напредокот на активностите за евалуација; известува до Одделението за европски интеграции и проекти во АВРСМ за техничкиот напредок на проектот и проблемите; тесно ќе соработува со координаторите на соодветните мерки, како и со другите вработени во АВРСМ; обезбедува поддршка и помош за проектниот тим.

Нето платата за работното место износува 31.344 денари.

Кандидатите **за работното место од реден број 1**, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;

- да имаат стекнато ниво на квалификации VI-A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- да имаат одлични комуникациски вештини со говорење и пишување на македонски и англиски јазик;
- да имаат возачка дозвола Б категорија;
- да имаат активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да имаат минимум 30 месеци работно искуство на проекти/програми финансирани од Европската Унија, од кои 12 месеци искуство во областа на менаџментот или координацијата на проекти.

Кандидатите **за работните места од реден број 2 и 3**, треба да ги исполнуваат следните услови:
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат стекнато ниво на квалификации VI-A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- да имаат одлични комуникациски вештини со говорење и пишување на македонски и англиски јазик;
- да имаат возачка дозвола Б категорија;
- да имаат активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да имаат минимум 30 месеци работно искуство на проекти/програми финансирани од Европската Унија, од кои 12 месеци искуство во областа на активните програми и политики за вработување.

Кандидатите за **работното место од реден број 4**, треба да ги исполнуваат следните услови:
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат стекнато ниво на квалификации VI-A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- да имаат одлични комуникациски вештини со говорење и пишување на македонски и англиски јазик;
- да имаат возачка дозвола Б категорија;
- да имаат активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- да имаат минимум 30 месеци работно искуство на проекти/програми финансирани од Европската Унија, од кои 12 месеци искуство во областа на набавките во рамки на Европски проекти.

Кандидатите за **работното место од реден број 5**, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат стекнато ниво на квалификации VI-А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- да имаат одлични комуникациски вештини со говорење и пишување на македонски и англиски јазик;
- да имаат возачка дозвола Б категорија;
- да имаат активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да имаат минимум 30 месеци работно искуство на проекти/програми финансирани од Европската Унија, од кои 12 месеци искуство како сметководител или финансиски службеник во рамки на Европски проекти.

Кандидатите за **работното место од реден број 6**, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат стекнато ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- да имаат одлични комуникациски вештини со говорење и пишување на македонски и англиски јазик;
- да имаат возачка дозвола Б категорија;
- да имаат активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да имаат минимум 30 месеци работно искуство на проекти/програми финансирани од Европската Унија, од кои 12 месеци искуство во областа на мониторингот на програми или обуки.

II. Работниот однос се заснова со полно работно време - 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот.

III. Се повикуваат сите заинтересирани кандидати да ги достават своите Europass работни биографии - CV (http://europass.cedefop.europa.eu) и мотивациски писма на англиски јазик, како и копија на документите со кои се потврдува дека ги исполнуваат бараните услови на огласот (државјанство, диплома, договори/ референци од претходни работодавачи, возачка дозвола), во запечатен коверт по пошта или на рака, на следната адреса: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Централна служба, ул. Васил Ѓоргов бр. 43, 1000 Скопје.
На надворешната страна на ковертот задолжително да се наведе насловот на проектот и позицијата за која аплицира кандидатот, со назнака "да не се отвора до сесијата за евалуација".

IV. Рокот за пријавување е 10 (десет) дена, сметано од денот на објавување на огласот, **односно краен датум за прием на апликации е 15.11.2019, 15:30 часот**. Изборот ќе биде извршен во рок од 30 дена по истекот на рокот за пријавување.

**Напомена:** Нема да се разгледуваат апликациите кои не се доставени согласно точка III и IV од овој оглас. Ве молиме без телефонски јавувања.

V. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат известени и повикани на интервју.

Попречните прашања (еднакви можности, етничка припадност и сл.) ќе бидат земени предвид во сите аспекти на процесот на вработување. Овој оглас е објавен и на веб-страната на АВРСМ - http://av.gov.mk.